Врз основа на член 384 и 387 од Законот за трговските друштва и Статутот на ДГ БЕТОН АД Скопје, Одборот на директори на ДГ БЕТОН АД Скопје, ул.Миле Поп Јорданов бр.32 а, објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за свикување на Годишно Собрание
на акционерите на ДГ БЕТОН АД Скопје

Седницата на Собранието ќе се одржи во просториите на ДГ БЕТОН АД Скопје, ул.Миле Поп Јорданов бр.32 а, 1000 Скопје, на ден 08.06.2018 година, со почеток во 10:00 часот, со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**I.Процедурален дел**

1. Избор на Претседавач на Собранието;
2. Избор на Комисија за утврдување на кворум, спроведување на гласање и пребројување на гласови;
3.Избор на записничар и оверувачи на Записник;

**II.Работен дел**

1. Донесување на Одлука за усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото за 2017 година;
2. Донесување на Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидиран финансиски извештај и годишниот извештај за работа на друштвото за 2017 година;
3. Донесување на Одлука за усвојување на годишниот ревизорски извештај за 2017 година;
4. Донесување на Одлука за увојување на консолидираниот годишен ревизорски извештај за 2017 година;
5. Донесување на Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за 2017 година;
6. Донесување на Одлука за распределување на добивката од 2017 година;
7. Донесување на Одлука за усвојување на годишниот Извештај од внатрешната ревизија за 2017 година;
8. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за вршење на ревизија на годишната сметка за 2018 година;
9. Донесување на Одлуки за одобрување на големи зделки;

На Седницата на собранието може да присуствува секој акционер на друштвото лично или преку именуван полномошник со уредно заверено полномошно кај нотар, или полномошно незаверено кај нотар, но со обврска за акционерот за даденото полномошно писмено да го извести друштвото со задолжително доставување на доказ за неговиот личен идентитет.

Учеството на Собранието се пријавува најдоцна до почетокот на седницата преку архивата на ДГ Бетон АД Скопје.

Материјалите за Собранието ќе бидат достапни за акционерите од денот на објавувањето на Јавниот повик во Правната служба на ДГ Бетон АД Скопје, секој работен ден до 15:30 часот.

Вклучување на нови точки од дневниот ред се врши согласно Законот за трговските друштва.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**